***З А П И С Н И К***
***од 29-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 30.11.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 15 часот.
На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска присутни во салата за состаноци и советничката Сандра Пејковска учествуваше со употреба на комуникациски средства.

Од општинската администрација присутна беше Александра Трајковска. На седницата присутен беше директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 28-мата седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки.
Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. Записникот беше усвоен со 9 „за“ , против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на извештајот од оддржаната средба на градоначалникот со претседателите на месните заедници.
2. Донесување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила.
3. Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила.
4. Донесување на Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Ресен.
5. Донесување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен.
6. Донесување на Одлука за продажба на објект во с.Зашле сопственост на општина Демир Хисар.
7. Донесување на Одлука за продажба на објект во с.Вирово сопственост на општина Демир Хисар.
8. Донесување на Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП ,,Комуналец” од Демир Хисар.
9. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.
10. Усвојување на Финансиски извештај за ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година.
11. Разгледување на Програма за реализација на ученичка екскурзија за III одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.

12. Разгледување на Програма за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
13. Разгледување на Програма за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година.
14. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира има кворум за работа а потоа предложениот Дневен ред го стави на расправа. По дневниот ред немаше забелешки. По записникот немаше забелешки. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. Со 10 „за“ беше усвоен дневниот ред против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Разгледување на извештајот од оддржаната средба на градоначалникот со претседателите на месните заедници***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати забелешка за постапката за оддржување на состанокот. Имено на предходната седница предлогот за оддржување на ваква средба беше од него и истиот беше прифатен од советниците, но градоначалникот паралелно закажа состанок со претседателите на месните заедници во истиот термин само во друга просторија. Таквата постапка не е во ред, што ќе се случеше ако истовремено и јас закажев состанок како што беше планирано во просториите на СОУ „Крсте П. Мисирков“ . Потоа додаде записникот од овај состанок, да го имаме при планирањето на буџетот. Советникот Сашо Михајловски предложи оваа точка да се одложи за наредна седница, бидејќи материјалите од оддржаниот состанок ни беа се поделија пред сама седница немаше време да ги разгледаме. За одлагање на точката сите се согласија.

***ТОЧКА 2. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила***

За Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Могила, објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Ваква одлука беше донесена претходната година во траење од една година, сега повторно се носи одлука, само што сега нема да има вработен од кај нас кој ќе биди вклучен во меѓуопштинската соработка, затоа и треба да се определи износ кој општина Демир Хисар ќе го плаќа на општина Могила. Како член на комисија за урбанизам има надомест од 3.000 денари, но архитектот кој е ангажиран со оваа соработка бара исто да биде платена за услугата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна не е задоволен од соработката и комуникацијата со архитектот Клара Тодоровска се обратил за консултација, и наидел на несоработка и лошо однесување затоа нема да даде подршка за обновување на соработката. Советничката Сандра Пејковска забелешка имаше на формулацијата на одлуката за утврдување предлог, советот донесува одлуки, усвојува, а со ова се утврдува треба да се најди друга формулација исто за надоместокот да се знае колку средства се планира да и се дадат. Претставникот Александра Трајковска објасни согласно законот треба да се донеси одлука за утврдување предлог, а предлогот го дава градоначалникот, додека за износот оставено е советот да одлучи. Советникот Валентин Несторoски додаде за да може да се определи износ треба да се знае колку е ангажирана, ако би била редовно вработена колку ќе биди платата. Советникот Аце Јанкуловски објасни една година беше ангажирана без надомест, сега предлага да и се одобрат 10.000, а советникот Јордан Кромидаровски додаде ако ние одобриме 10.000, можеби нема да се согласува требало предходно да се разговара. Советничката Јасмина Јовановска додаде треба да се знае колку има работа ако се случи некој месец да нема работа, колку денови доаѓа и колку саати е на работа, советничката Марина Димитријовска се согласи дека важно колку е ангажирана ако се даде половина плата тоа значи две недели во месецот треба да биде во општината. Да се плати соодветно на ангажманот. Претставникот Александра Трајковска објасни доколку би била редовно вработена би земала плата околу 35.000, затоа и износот кој ќе се определи да е соодветен таа не ги работи сите области од урбанизмот, затоа и се ангажира друг архитект од Ресен. Бидејќи немаше други предлози,

Претседателот на советот одлуката е стави на гласање дополнета со предлогот за надомест од 10.000. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на Одлуката гласаа 10 „за“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 3. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила***

За решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Могила претставникот Александра Трајковска објасни треба да се формира заедничка комисија. Во решението се наведени членовите од нашата општина треба и општина Могила да предложи. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на Решението гласаа 10 „за“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 4. Одлука за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Ресен***

За Одлуката за утврдување на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар Општина Ресен претставникот Александра Трајковска објасни оваа одлука се носи за меѓуопштинска соработка со општина Ресен за една област тоа е за управување и располагање со земјоделско земјиште, архитектот од Могила нема лиценца и неможи да ги води овие постапки. Овде нема да се определува надомест. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на Решениетоодлуката гласаа 10 „за“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 5. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен***

За Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен објаснување имаше претставникот Александра Трајковска. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на Решението гласаа 10 „за“ и 1 „против“.

***ТОЧКА 6. Одлука за продажба на објект во с.Зашле сопственост на општина Демир Хисар***

За Одлуката за продажба на објект во с.Зашле сопственост на општина Демир Хисар претставникот Александра Трајковска објасни ова е објект сопственост на општина Демир Хисар има заинтресирани да го купат. Потоа додаде да се направи корекција на површината треба да биди 101 м2 на КП.бр.346. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Одлука за продажба на објект во с.Вирово сопственост на општина Демир Хисар***

Во врска со Одлука за продажба на објект во с.Вирово сопственост на општина Демир Хисар претставникот Александра Трајковска објасни лицето кој го користи објектот е заинтересиран да го купи. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член.

Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир Хисар на ЈКП ,,Комуналец" од Демир Хисар***

Претставникот Александра Трајковска објасни со оваа Одлука за давање на трајно користење на движни ствари-возила во сопственост на општина Демир Хисар, на ЈКП ,,Комуналец" од Демир Хисар се даваат на трајно користење двете возила камиони кои ги користи јавното претпријатие. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Решение за разрешување и именување на членови во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар***

Во врска со Решението за разрешување и именување на членови во Училишен одбор на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар членот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување Аце Јанкуловски објасни оваа точка се разгледуваше на комисијата имаше два предлози. Едниот предлог беше да се направи реизбор на веќе поистоечките членови и другиот предлог беше од членот Сашо Михајловски за членови на училишниот одбор да бидат Борче Котевски, Александар Каранфиловски и Ангела Мицковска. Советничката Марина Димитријовска објасни од страна на училиштето бевме известени дека има предлог за разрешување на постоечките членови, бидејќи повеќе од три седници биле отсутни и треба да се именуваат нови членови, дали можи истите да се именуваат повторно. Советникот Аце Јанкуловски додаде во известувањето стои дека неприсуствувале на повеќе од три седници на училишен одбор, но не знаеме од кои причини можеби и небиле уредно поканувани, имаше моменти кога паралелно функционираа два одбори не ја знаеме причината. Советничката Сандра Пејковска додаде не е спорно истите да се именуваат, дури и ако му е поминат мандатот можи пак да се именуваат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истка имаме два предлози ќе ги ставам на гласање. И во ЈКП Комуналец имаме ваков случај каде неприсуствуваат на управен одбор, но тие не доставуваат никакво известување. Советничката Марина Димитријовска додаде каде и да е дали е управен одбор или училишен одбор треба да работат со полн состав. Бидејќи немаше други предлози предлогот на советникот Аце Јанкуловски да се изберат истите членови гласаа 5 „за“, 1 „воздржан“ и 5 „против“. За предлогот од советникот Сашо Михајловски гласаа 5 „за“, 1 „воздржан“ и 5 „против“. Двата предлози немаа потребно мнозинство. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница.

***ТОЧКА 10. Финансиски извештај за ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година***

Финансискиот извештај за ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.09.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни членот на комисијата Аце Јанкуловски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати пофалби за финансиското работење на јавното претпријатие за овај деветмесечен извештај. Советниците немаа забелешки само пофалба за успешна работа на претпријатието. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поименично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За донесување на финансискиот извештај гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Програма за реализација на ученичка екскурзија за III одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Програмата за реализација на ученичка екскурзија за III одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Согласно член 3 од одлуката за работа на

советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За давање позитивно мислење на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Програма за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Програмата за реализација на ученичка екскурзија за VI одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За давање позитивно мислење на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Програма за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година***

Програмата за реализација на ученичка екскурзија за IX одделение во ООУ “Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2023/2024 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 29-тата седница. За давање позитивно мислење на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 14. Предлози и прашања***

-Барање од Белче

Месното население од с.Белче бара 60.000 денари за изградба на камбанарија во храмот во с. Белче. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни немаат никогаш поднесено барање да му се одобрат 60.000. Советникот Аце Јанкуловски истакна на предходната седница се согласивме сите барањата да бидат до 30.000 исто да важи и за ова барање. Едногласно советниците одлучија барањето да се одобри до 30.000.

-Советничката Сандра Пејковска пртедложи да се изготви правилник за ваквите барања за верски објекти како и барањата од месни заедници и да се работи по правилниикот да нема дискриминација.

Едногласно советниците одлучија за 2024 година да се изготви правилник.

Советникот Валентин Несторoски предложи општината да купи мобилни телефони за сите советници.

Советничката Марина Димитријовска предложи седниците да се закажуваат порано бидејќи 15 часот е многу касно во ред би било да се околу 12-13 часот.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни постојано има барања околу термините за закажување на седениците не можи на сите да се угоди, ќе биди пракса да се закажуваат околу 12 часот, и заради администрацијата. Потоа додаде нма наредна седница ќе се носи Буџетот советниците сериозно да размислат да се донеси домаќински буџет. Многу средства се трошат за некој работи, а овие средства можат да бидат искористени за капитални инвестиции. Еднократната помош влечи многу средства, а ништо од тоа не се добива и никому не помагаме само од некој се злоупотребува. 1.500.000 се средства кои можат многу наменски да се искористат, тоа не значи дека нема да му се помогне на некое семејство кое има член кој има потреба за лекување, или се случила некоја елементарна непогода за тоа сите сме да се помогни, но со овие 5.000 никој ништо не можи да направат, а од општинскиот буџет се одлеваат многу средства. За ова треба сите да размислиме и да бидеме едногласни во одлуките. Советникот Валентин Несторoски додаде за ова има центар за социјални грижи. Советникот Аце Јанкуловски се согласи предлогот е добар, со овие средства можи мостови да се направат или други инвестиции. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде советниците имаат поголема улога освен работа на седницата, сите што имаат можност да дадат допринос да обезбедат средства треба да се вклучат, останавме малку луѓе во општината да си помогниме, искористете ги релациите, патувајте општината ќе ги покрие трошоците да се донесат што

повеќе инвестиции. Обезбедив средства за реализација на проект за мостот во Журче и за улицата во Обеник, но од страна на општинската администрација кога и да прашам ми велат само ќе биди, кој ќе биди виновен ако пропаднат средствата кои се обезбедени. Советот повеќе треба да даде меѓуопштинските соработки се добри исто и преку тоа се носат искуства, одлуките кои ги носиме градоначалникот не ги спроведува, а треба да ги спроведува. Јас предлагам да се закажи состанок со месните, градоначалникот паралелно закажува состанок така не се работи.

Советникот Валентин Несторовски уште еднаш напомена да се разгледа за купување на мобилни телефони на советниците.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 1224/2
22.12.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.